# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>15.09.2014 год.<br>БРОЈ 10 ГОДИНА 49 |
|---|---|


## С О Д Р Ж И Н А


| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за утврдување на листа за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Охрид | 2 |
| 2. | Правилник за употреба на грбот и знамето на Општина Охрид | 3 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЛИСТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИМИЊА НА УЛИЦИ, ПЛОШТАДИ, МОСТОВИ И ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на листа за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 22.08.2014 година.

**Број 08-7817/4**
**22.08.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 5 став 2 и член 8 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти (Сл.весник на РМ бр. 66/04, 55/07, 145/10, 136/11, 163/13), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 22.08.2014, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЛИСТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИМИЊА НА УЛИЦИ, ПЛОШТАДИ, МОСТОВИ И ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ НА ПОДРАЧЈЕ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

За имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Охрид се определуваат:

1. Кеј- промена на постојно име

**Ул.Кеј„Маршал Тито” се преименува со името Кеј„Македонија”.**

**Член 2**

Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Охрид се доставува до Владата на Република Македонија за добивање на согласност.

**Член 3**

Листата со извршената промена на името на Кејот на подрачјето на општина Охрид влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник“ на општина Охрид, а истата ќе се објави по добивање на согласност од Владата на Република Македонија.

**Број 07- 7817/4**
**22.08.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 34 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07),а согласно член 3 од Статутарната Одлука за изменување на Статутот на општина Охрид бр.07-7817/3 од 22.08.2014, Градоначалникот на општина Охрид на ден 03.09.2014 година донесе:

**П Р А В И Л Н И К**
**за употреба на грбот и знамето на Општина Охрид**

**1. ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со овој правилник се уредува употребата на грбот и знамето на Општина Охрид (во натамошниот текст: Општината).

**Член 2**

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

- Апликација – примена, употреба, додавање кон нешто;
- Блазон – технички опис на хералдичка или вексилолошка композиција со кој се утврдува содржината, бојата и меѓусебна положба на сите елементи на композицијата. Блазонот ѝ претходи на ликовната интерпретација, а нејзината валидност се проверува преку блазонот, никогаш не обратно;
- Вексилологија – наука за знамиња;
- Веење на знаме – знамето се вее кога е истакнато – поставено на слободностоечки јарбол, копје или носач;
- Изворник (еталон – оригинал) е цртеж кој го дефинира изгледот на грбот и/или знамето;
- Изложување на знамето – знамето е изложено кога тоа не се вее, туку е на пр. изложено на ѕид без јарбол и/или копје;
- Истакнување на грб и знаме – грбот и знамето се истакнати секогаш кога се изложени на окото на јавноста;
- Лабарум – начин на истакнување на знаме обесено на пречка средишно прикачена на јарбол или копје;
- Процесиско знаме – хоругва со лик на светец или со грбот на Општината.
- Лице на знаме – предната страна што се гледа кога копјето или јарболот се на левата страна од набљудувачот, а самото знаме се протега десно од копјето или јарболот;
- Опачина на знамето – страна што се гледа кога копјето или јарболот се на десна страна од набљудувачот, а самото знаме се протега лево од копјето или јарболот;
- Знаменска гајка – дел од знамето кој го обиколува копјето и се користи за поставување – навлекување на знамето на истото;
- Положување на знамето – знамето се положува само на ковчегот на починатиот додека е поставен на одар;
- Почесно место – одредена положбата во просторот, определена по правила или учтивост, погодна за оддавање почест кон обележјата на одредени титулари;
- Преференцијално место – одредена положба во просторот која може да се користи како централна точка на фокусирање на вниманието на насобраните поединци;
- Циркулација на знаме – знамето циркулира во поворки и процесии и по правило го носи одреден знаменосец односно бајрактар;
- Подиум – поткренато или истакнато место со или без говорница, од каде говорникот комуницира со публиката;
- Стег - знаме во квадратна форма;
- Тинктура (емајл) – термин во хералдиката со кој се означуваат основните хералдички бои (црвена, сина, зелена, црна, виолетова);
- Хералдика – наука за грбовите;

- Хоругва – вид знаме со форма на бајрак или стег од чиј опашкин раб излегуваат најмалку три струјника. Кај нас најчесто се користат како црковни процесиски знамиња истакнати како лабаруми;
- Стандарт – посебено, уникатно знаме со хералдички мотиви најчесто изведено од содржината на грбот кое обично го претставува највисокиот извршен претставник на титуларот;

**Член 3**

Грбот и знамето на Општина Охрид можат да се употребуваат само во облик и содржина утврдени со Статутот на Општината и овој правилник. Еталонот на грбот и знамето се составен дел на овој Правилник.

**Член 4**

Општина Охрид користи грб во три хералдички форми: мал (основен), среден и голем грб.

Малиот хералдички грб е опишан во Статутот на Општината.

Средниот грб е истоветен со малиот, со тоа што штитот е крунисан со златна бедемска круна со три кули, ѕидана златно, на средишната кула порта; сета украсена со рубини и бисери.

Големиот грб е истоветен со средниот, со тоа што штитот со круната е овенчан со две зелени дабови гранчиња со златни желади, соединети со црвена лента.

**Член 5**

Знамето на Општина Охрид претставува бајрак со соодnос на страните 2:3. Изгледот на знамето е утврден во Статутот на Општината.

**Член 6**

Изворникот на малиот, средниот и големиот грб и графичките стандарди за нивно прикажување, како и изворникот за знамето и графичките стандарди за негово прикажување се утврдуваат со акти на Советот на Општината.

**Член 7**

Изворникот на грбот и знамето на Општината се чуваат во Архивот на истата и во Архивот на Министерството за локална самоуправа.

По еден примерок од изворниците е депониран и во архивот на Македонското хералдичко здружение.

**Член 8**

Грбот и знамето на Општината не можат да се употребуваат како стоковна или услужна ознака ниту како било каков друг знак за означување стоки и услуги.

Грбот и знамето не смеат да се употребуваат ако се оштетени или ако се неподобни за употреба.

Грбови и знамиња со изменети поединечни елементи, но кои со својот изглед асоцираат на грбот и знамето на Општината не смеат да се користат.

Грбот и знамето не смеат да се користат на непристоен и недоличен начин и на начин кој ги навредува јавниот морал и достоинството на граѓаните на Општината.

**Член 9**

Употребата на грбот и знамето во уметничкото творештво и воспитно-наставни цели е слободна, под услов да не се противи на добар вкус, општествените норми и правила, хералдичката пракса, традиција и овој Правилник.

**Член 10**

Претставите на грбот и знамето во рељеф и неспецифични техники и материјали мора да бидат во склад со воспоставените стандарди на изворникот.

Моделот за службена употреба го одобрува управниот орган.

## II. УПОТРЕБА НА ГРБОТ НА ОПШТИНАТА

### *а.* Службена употреба

**Член 11**

Малиот грб е ознака и симбол на Општината, а го користи општинската администрација.

**Член 12**

Малиот грб се истакнува на:

*a.* *Ентериер*

*a.* На предната страна на мобилна говорница од која се обраќа кон јавноста во име на Општината и општинскиот Совет;

*b.* На ѕидовите на канцелариите на општинската администрација;

*c.* На ѕидовите во училниците на училиштата на територијата на Општината;

*d.* Во простор каде се одржуваат собири или натпревари организирани од страна или спонзорирани од страна на Општината, на видливо место. Претпочитани места се: аудиториум, ако има, а ако нема – според ориентацијата на централната ложа, трибина, семафорот за објавување на резултати или слично, по тој редослед на приоритет;

*e.* Во простор каде се одржува изложба, или сличен настан организиран или спонзориран од страна на Општината, над главниот влез или на централниот ѕид на истиот;

*f.* На било кое друго место кое одговара на достоинството на општината или е условено од потребите на протокол.

b. *Екстериер*

1) На предмети од урбана опрема (клупи, светилници, канделабри, кошници итн.) кои се сопственост на Општината;
2) На општински архитектонски објекти, како дел од фасадна декорација;
3) На објекти во надлежност на Општината, како дел од информативни табли.

c. *Печатен облик*

Малиот грб се печати на рекламен и репрезентативен материјал, на визит карти, на меморандуми итн.

d. *Електронски облик*

1) На официјалната веб-локација, како и официјалните страници на Општината на социјалните мрежи;

2) На рекламен и репрезентативен материјал, меморандуми и останати официјални документи и публикации на Општината, наменети за дистрибуција во електронски облик.

**Член 13**

Средниот грб е службен грб на Општината и службено го користи Советот и Претседателот на Советот.

**Член 14**

Средниот грб се користи и за територијално означување на општинските граници.

**Член 15**

Средниот грб се истакнува на:

*1) Ентериер*

1) Над главниот влез на сала за седници, свечената сала или сала за празнични собири на највисокиот орган на Општината или крилата од вратите на влезот во таа сала;
2) Во свечената сала за седници или празнични собири на највисок орган на општината, на ѕидот зад масата на која седи претседателот или претседавачот на Советот или на говорницата, но доволно високо за да не биде затскриен во секое време со движење кон говорницата или при стоење на говорник зад говорницата или на масата на која седи претседателот или претседавачот на Советот;
3) Во салата за седници на Советот, на челната страна на говорницата, свртена кон публиката, ако е говорницата доволно висока и добро видлива;
4) Во фоајето на влезот во општинската зграда на ѕидот кој е наспроти главниот влез, или на кој било друг ѕид во фоајето, ако тоа е поповолно според архитектонската концепција на просторот;
5) Во канцеларијата на претседателот на Советот и секретарот на Општината;
6) На наслонот на столицата на претседателот на Советот во салите за седници и свечените сали, како и сите простории за службени и за формални состаноци.

*2) Екстериер*

1) На предмети од урбана опрема за означување на општинските територијални граници (сообраќајни и други знаци) кои се сопственост на Општината;
2) На општински архитектонски објекти, како дел од фасадна декорација;
3) На објекти во надлежност на Општината како дел од насловни табли за именување на објектите.

*3) Печатен облик*

1) Средниот грб се печати на рекламен и репрезентативен материјал, на визит карти, на меморандуми итн;
2) Средниот грб може да се користи како ознака на работните униформи на вработените во општинската администрација.

*4) Електронски облик*

1) На официјалната веб-локација, како и официјалните страници на Општината на социјалните мрежи;

2) На рекламен и репрезентативен материјал, меморандуми и останати официјални документи и публикации на Општината, наменети за дистрибуција во електронски облик.

**Член 16**

Големиот грб е ознака и симбол на Општината, а службено го користи градоначалникот на Општината.

**Член 17**

Големиот грб се истакнува на:

*1) Ентериер*

1) Во канцеларијата на Градоначалникот на Општината;
2) На наслонот на столицата на Градоначалникот во салите за седници и свечените сали, како и сите простории за службени и за формални состаноци;

*2) Екстериер*

a) На општински архитектонски објекти како дел од фасадна декорација;
b) На објекти во надлежност на Општината како дел од насловни табли за именување на објектите.

*3) Печатен облик*

Големиот грб задолжително се печати на повелби, дипломи и други јавни признанија кои ги доделува Општината.

*4) Електронски облик*

1) На официјалната веб-локација, како и официјалните страници на Општината на социјалните мрежи;

2) На рекламен и репрезентативен материјал, меморандуми и останати официјални документи и публикации на Општината, наменети за дистрибуција во електронски облик.

**Член 18**

Врз основа на грбот може да се изработи хералдичка значка.

Хералдичката значка се утврдува со одлука на Советот на Општината.

Хералдичката значка претставува службена ознака на општинската администрација.

**Член 19**

Кога грбот се истакнува во просториите на органите на општината, му припаѓа предност во однос на сите други грбови, освен државниот.

Предноста на грбот се изразува преку големината и/или местоположба.

Кога се искажува почит кон гостин на Република Македонија или на Општината, на почесно место може да се истакне грбот на гостинот.

**Член 20**

Надвор од просториите на Општината, при истакнување на грбот заедно со други грбови, принципот за одредување на почесното место е:

1) Ако грбовите се наредени во круг, почесното место е во центарот на кругот, а хиерархијата на положбата се движи во правец на стрелките на часовникот и ќе почува во позиција 12, со тоа што при вертикална положба на група грбови аналогијата се смета директна, а при хоризонтална положба правецот го одредува ориентацијата на просторот во кој што е изложена група грбови според следната шема:

***Шема 1***



2) Ако грбовите се поредени во полукруг, почесното место е во врвот на полукругот, а хиерархијата на положбата е наизменично кон лево (гледано од напред) и десно од врвот според шемата:

***Шема 2***




3) Ако грбовите се наредени во колона, почесното место е на чело на колоната, а хиерархијата на положбата следи од првиот кон крајот на колоната според шемата:

***Шема 3***

Почесно место * ❶ ❷ ❸ ❹ ❺

Насока на движење спрема колоната на грбови ⏩

4) Ако грбовите се поредени во редови, почесното место е на левиот крај на редот, гледано од предната страна, а хиерархијата на положбата е од лево кон десно според шемата:

***Шема 4***

* Почесно место насока ⏩

*
❶
❷
❸

5) Ако се истакнати два грба, на почесно место е оној грб кој е над, а ако тие се во истата рамнина, тогаш оној кој е на левата страна, гледано од предната страна, во согласност со шемата:

***Шема 5***

а) ❶
❷

б) ❶ ❷

6) Ако се истакнати три грбови, на почесно место е оној грб во средината, ако е повисоко или на иста линија со други два грба, а прв од левата страна, гледано однапред, ако средниот грб е поставен на пониско ниво, во тој случај според хиерархијата му припаѓа трето место, според шемата:

***Шема 6***

а) ❷ ❶ ❸

б) ❶
❷ ❸

в) ❶ ❷
❸

7) Ако се истакнуваат четири грбови, почесното место зависи од распоредот, според шемата:

***Шема 7***

а) ❶ ❷ ❸ ❹

б) ❶
❷ ❸
❹

в) ❶ ❷
❸ ❹

г) ❶ ❷ ❸
❹

**II. Употреба на грбот со одобрување**

**Член 21**

Установа, претпријатие или претприемач со седиште на територијата на Општината може да добие одобрение малиот грб да го употреби како украсна ознака, како дел од незаштитена ознака или пак за комерцијални цели.

**Член 22**

Против актот за одбивање на барањето за употреба на грбот или знамето на Општината се поднесува жалба до Советот.

Советот образува хералдичка комисија која разгледува прашања врзани за употреба на грбот и знамето на Општината, усклаеноста на претставата на грбот за чие користење се бара согласност со блазонот и/или важечки изворник на грбот, дали намената за која се бара употреба на грбот и начинот на кој ќе биде користен грбот се во склад со Статутот и Правилникот за употреба на грбот и знамето, како и со хералдичките обичаи и пракса.

Хералдичката комисија на Советот има 5 члена од кои три претставника на Општината и два претставника на Македонското хералдичко здружение.

**Член 23**

Барањето за давање одобрение ја содржи намената на употребата на грбот, технички опис и други чинители битни за одлучување.

**Член 24**

Решението со кое се одобрува употреба на грбот може да одреди посебни услови: намена, надоместок за користење и рок во кој одобрението важи и друго, доколку такви ограничувања одговараат на намената на употребата на грбот.

**Член 25**

Субјектите на кои им е одобрена употреба на грбот се должни да обезбедат доличен изглед на украсот, односно незаштитениот знак.

**Член 26**

Решението со кое е одобрена употребата на грбот се укинува ако корисникот на истото го употребува грбот спротивно на утврдената намена и условите или не се грижи за доличен изглед на украсот или незаштитениот знак.

## III. Стандардизирана претстава на грбот

**Член 27**

Според намената и можностите, стандардизираната претстава на грбот од изворникот се користи како:

1) Линеарна претстава.

Може да се користи во црна или која било друга основна боја на линии, како и во негатив (како светла линија на темна позадина) секогаш кога од која било причина е непотребно или

оневозможено прикажување на грбот во бои или со хералдичко обележување на истите или во контрастни полиња. Линеарната претстава е погодна за златотиск и претставува релјефна линија (конвексна или конкавна). Во секојдневната употреба се користи при репродукција на грбот во минијатурни димензии.

2) Претстава на грбот според методот на хералдичко шрафирање – петрасанта.

Хералдички стандард за прикажување на боите (тинктура, емајл) и металите во систем на шрафури и растер, што овозможува прецизно дефинирање на пропишаната боја во еднобојно печатење. Се користи за прецизно да се пренесе бојата на грбот или знамето. Овој метод е погоден за сите видови печатарски или скулпторски техники кои не користат боја. Линиите и мрежите (растерите) може да се изведат во која било боја, во контраст од темни линии на светло поле, но не може да се користи во негатив, заради можна конфузија во разликувањето на полињата во црна боја и полињата во сребро.

3) Претстава со контрастни полиња.

Принципот на овој метод е тоа што хералдичките бои (емајли, тинктури) се прикажуваат со темно поле, а металите со светло поле: злато (жолта боја) и сребро (бела боја). Методот се користи во еднобојно печатење, златотиск или кај плиток релјеф кога поради која било причина се сака да се избегне нагласување на линијата, а да се нагласи површината. Најчесто за таа намена се користи црно-бел контраст, но прифатлива е и секоја друга варијанта во која алтернацијата на темно и светло е впечатлива и јасна. Меѓутоа, светлото поле мора да биде во основниот тон на подлогата, зашто во спротивно може погрешно да се сфати дека се работи за двобоен грб.

Ако моделот се прикажува во негатив со контрастни полиња, бојата на позадината и бојата на светлото поле (негативот во однос на бојата, тинктура, или емајлот) мора да бидат идентични. Овој метод е погоден за златотиск или сребротиск на кожа или ткаенина, а во тој случај светлите полиња (т.е. боите, тинктурите, емајлите) треба да бидат претставени со злато или сребро.

4) Претстава во боја.

Ова е стандарден приказ на грбот, бидејќи бојата е еден од основните елементи на хералдичката комуникација. Црната линија која го дефинира цртежот на хералдичката композиција не е од суштинско значење, освен кога блазонот ја нагласува како боја; онаму каде валерскиот однос на две соседни полиња е јасен и прецизен, црната линија не мора да се прикажува, а онаму каде тоа не е случај, треба да има линија, но не е задолжително да биде црна. Претставата во боја, исто така, може да се примени во дводимензионални и тродимензионални преставииии, без разлика дали тоа е барелјеф или длабок релјеф. Боите утврдени со изворникот се однесуваат на службената употреба на грбот. Меѓутоа, од хералдички аспект, секоја нијанса на сина, црвена или жолта боја, во принцип, е прифатлива до точка каде што природата на боја веќе не е сосема јасна (на пример, дали станува збор за сина или светло сина; дали е во прашање црвена или портокалова или црвена или виолетова боја). Специфична интерпретација на грбот во боја се добива кога со монохроматска техника (полутонско печатење) се интерпретира грбот во боја. Ваква интерпретација не може да се примени на тродимензионални прикази на грбот.

5) Други претстави кои се базираат на изворникот, но не се негов составен дел:

**I.** Претстава на релјеф.

**II.** Претстава во неограничено повторување (хералдичко умножување).

Оваа претстава подразбира ексклузивна употреба на грбот за декоративни цели и треба да се користи со екстремно воздржување. За оваа претстава може да се користи која било стандардна претстава од овој член на овој Правилник (1-5). Користењето е главно за подлога при печатење (како „мотив“, или како „тапет“) и за изработка на драперии. На површината изработена по овој модел не се аплицира никаков друг грб, амблем, заштитен знак, трговска марка, мостра или модел или име или наслов на која било друга институција, освен самиот титулар, односно правни лица на кои титуларот им дал такво одобрение.

**Член 28**

Ограничувања во поглед на употребата на еталонот се:

1) Носителот на правото на грбот да се одлучи кој и под кои услови да го користи изворникот и стандардизираните престави на грбот во него.
2) Димензионални, кои се исклучиво дефинирани во однос на минималната дозволена големина на репродукцијата на грбот за стандардна употреба, како по правило:

a) За линеарни престави: најмалку 8 mm ширина и 11 mm висина (основен грб) или 20 mm ширина и 30 mm висина (голем грб);
b) За претстава петрасанта: најмалку 10 mm ширина и 14 mm висина (основен грб) или 20 mm ширина и 30 mm висина (голем грб);
c) За претстава со контрастни полиња: најмалку 8 mm ширина и 11 mm висина (основен грб) или 20 mm ширина и 30 mm висина (голем грб);
d) За претстава во негатив: најмалку 8 mm ширина и 11 mm висина (основен грб) или 20 mm ширина и 30 mm висина (голем грб);
e) За претстава во боја: најмалку 8 mm ширина и 11 mm висина (основен грб) или 13 mm ширина и 18 mm висина (голем грб).

Димензионалните ограничувања важат само за директна репродукција на изворникот. Понатамошна редукција е можна само со претходна упростување на хералдичката композиција, што е дозволено, но не е предмет на професионално одобрување. Во однос на максимално дозволената големина на репродукција на грбот за стандардна употреба применливи се само критериумите на естетско ограничување.

3) Естетски, под кои се подразбира правото на носителот во случаи кои ги смета за оправдани да не дозволи употреба на изворникот во целина или во некои поединечни делови за одредена цел, поради несоодветноста на субјективните естетски критериуми на носителот.
4) Етички, под кои се подразбира правото на носителот во случаи кои ги смета за оправдани да не дозволи употреба на изворникот во целина или во некои поединечни делови за одредена цел, поради неусогласеност со етичкиот контекст во кој би се користел грбот на Општината.

**Член 29**

Претстави на грбот со методи поинакви од оние кои може да се дефинираат со директна примена на изворникот можат да бидат:

a) Композитна претстава на рамнина

1) На метална, стаклена и слична површина, со гравирање

За претстава со овој метод се користи изворнички стандард на линеарно преставување или со хералдичко шрафирање по метод петрасанта.

2) На метална подлога, со емајлирање

За претстава со овој метод се користи изворнички стандард на преставување со контрастни полиња или во боја.

Ако емајлирањето е од клоазонски тип, цртањето (на линиите) може да биде претставено од металниот ѕид на ќелијата на полето, односно линијата не мора да се третира како боја или поле. Во зависност од основната боја на металот или бојата на обработената површина на металот, таква боја може да се користи за да претставува злато или сребро, ако е многу слична на бојата на овие метали.

3) Мозаично

За претстава со овој метод се користи изворнички стандард на претстава на грбот во боја. Со оглед на фактот дека мозаичната претстава на грбот е тешко да се стандардизира, складноста на мозаичката претстава на грбот со блазонот треба да го утврди експертска комисија.

4) Таписерии и текстил

За претстава со овој метод се користат сите стандарди опфатени со еталонот, а складноста на интерпретацијата на грбот со блазонот и естетските критериуми на титуларот ги утврдува експертска комисија.

b) Композитна пластична претстава

Сите видови пластични композитни претстави (одредени видови таписерии, барелјефи и релјефи изработени од различни нехомогени материјали) кои одат надвор од опсегот на стандардизација пропишана со еталонот, складноста на интерпретацијата со блазон и естетски критериуми на носителот ги утврдува експертска комисија.

c) Витражна претстава

Витражот генерално е во склад со еталонскиот стандард на грбот во боја. Во оваа техника, постоењето на структурни линии се толерира, а во однос на боите се прифаќа и формирање на поле од посебни делови од боено стакло и посебно боење во рамките на една секција. Складноста на итерпретацијата со блазонот и естетските критериуми на носителот ги утврдува експертска комисија.

d) Релјефна претстава

Сите видови на релјефна претстава на грбот изработени од хомогени материјали се прифатливи. Генерално, ускладувањето се врши со еталонската претстава на грбот со сенка, но во овој поглед таквите ускладувања се задолжителни во доменот на почитувањето на блазонот, додека инструкциите за третман на полињата и фигурите се незадолжителни. Нема никакви ограничувања во поглед на материјалот. Примена на боја е можна, но не е задолжителна. Ако се користи боја, мора да се примени конзистентно на целиот релјеф. Ако се користат метали, пожелно е да се поклопуваат со хералдичките значења по боја и текстура. Дозволено е бојата да се интерпретира со метода петрасант, резбање или пикување, односно со други клесарски, резбарски или металски техники кои овозможуваат да се постигне конвенција на хералдичко преставување на боите. Складноста на интерпретацијата со блазонот и естетските критериуми на носителот ги утврдува експертска комисија.

e) Партитна претстава

За претстава со овој метод се користи изворничкиот стандард на претстава на грбот во боја. Со оглед на фактот дека партитната претстава на грбот е тешко да се стандардизира, складноста на мозаичката претстава на грбот со блазонот треба да го утврди експертска комисија.

f) Композитна просторна застапеност

Сите видови на композитни просторни престави на грбот кои не се посебно наведени и толкувани во овој член, вклучувајќи холографски снимки, светлечки инсталации, проекции и слично, подлежат на експертска контрола на усогласеноста на интерпретацијата со блазонот и естетските критериуми на носителот.

## III. УПОТРЕБА НА ЗНАМЕТО НА ОПШТИНАТА

**Член 30**

Знамето на Општината може да биде веано и изложувано.

**Член 31**

Знамето може да се вее од стандарден и Г-образен јарбол.

На Г-образниот јарбол знамето се вее по должина.

**Член 32**

Знамето може да се изложува на копје и лабарум.

Знамето наменето за изложување на копје има реси од соодветен материјал и се истакнува по ширина.

Знамето наменето за изложување на лабарум претставува посебно церемонијално знаме, тип хоругва.

**Член 33**

Знамето за веење се истакнува:

1) Секојдневно на зградите на Општината и општинската администрација, како и на зградите на претпријатијата кои се основани од истата;
2) Секојдневно на зградите на училиштата и здравствените организации на територијата на Општината;
3) На празнични денови (државни и општински) на урбана опрема (бандери, канделабри, светилници итн.);
4) На културно-уметнички, спортски, политички, научни и други манифестации од интерес за Општината;
5) Во останати случаи, доколку неговата употреба не е во спротивност со Статутот и овој Правилник.

**Член 34**

Знамето за изложување на копје се истакнува:

1) Постојано во канцелариите на Градоначалникот, Претседателот на Советот и Секретарот на Општината и во салата на Советот.
2) Привремено во сали каде што се одвива настан организиран или под покровителство на Општината.
3) Во останати случаи, доколку неговата употреба не е во спротивност со Статутот и овој Правилник.

**Член 35**

Хоругвата се користи исклучиво како церемонијално и процесиско знаме и тоа само на најголеми државни и верски празници, како дел од поворки.

**Член 36**

Општината може да има уникатно знаме – стандарт.

Стандартот претставува хералдички стег со димензии 100 х 100 цм. На него е претставена полната содржина на големиот грб. Се истакнува исклучиво на копје. По слободните рабови има реси во златна боја и од соодветен материјал.

Стандартот се користи во ентериер, во најсвечени прилики и исклучиво во присуство на Градоначалникот на Општината или лица кои го заменуваат.

**Член 37**

Кога знамето се истакнува заедно со знамиња на други општини, тоа се поставува така што се истакнува предност на знамето на Општината како домаќин.

**Член 38**

Знамето не смее да биде поставено така што ќе допира тло, ниту како подлога, подметувач, простирка, завеса и сл.

Знамето не смее да се употребува како апликација.

Со знамето не можат да се прекриваат возила или други предмети, ниту можат да се украсуваат конференциски маси или говорници, освен во форма на столни знаменца.

## IV. НАДЗОР

**Член 39**

За спроведување на овој Правилник се грижи Општинската администрација.

Надзорот над спроведувањето на одредбите во овој Правилник го спроведува Општинската администрација

Комуналниот инспектор е овластен кога ќе утврди дека грбот и знамето се користат спротивно на одредбите на овој Правилник, со решение да забрани употреба на грбот и знамето и по правило да наложи отстранување од објектот и предметите на кои се изложени и други мерки заради отстранување на утврдените недостатоци.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 40**

Советот на Општината ги донесува сите акти кои произлегуваат од овој Правилник во рамките на 60 (шеесет) дена од донесувањето на Правилникот.

**Член 41**

Со донесувањето на овој Правилник претстануваат да важат сите претходни законски и подзаконски акти кои се однесуваа на грбот и знамето на Општината.

**Член 44**

Правилникот стапува на сила осмиот ден од неговото објавување во општинскиот Службен гласник.

| | |
|---|---|
| **Број 08-8272** | **ОПШТИНА ОХРИД** |
| **03.09.2014 год.** | **Градоначалник,** |
| **О х р и д** | **Никола Бакрачески,с.р.** |